**Д О Г О В О Р**

**За користење на продажно место**

Склучен на __________________год.

**1. Договорни страни**

**- *Давател на услуга:* ЈП Градски Пазар Охрид**, Булевар Туристичка бр.79, со бр. на жиро с-ка 250001002709772 депонент на Шпаркасе Банка и
бр. на жиро с-ка 530-0002013595-66 депонент на Охридска Банка АД Охрид,
застапувано од Директорот Тони Коталески,

| | |
|---|---|
| ***- Корисник на услугата*** : | |
| Адреса : | |
| ЕМБС / ЕДБ : | |
| Бр.на жиро с-ка : | *,деп. на* |

| | |
|---|---|
| Застапувано од : | |
| Адреса на живеење : | |
| Л.К. бр. / ЕМБГ : | *,МВР* |

**2. Предмет на Договорот**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е регулирање на меѓусебните односи на договорните страни во врска со користење на продажно место во Зелен Пазар на Булевар Туристичка 79

Давателот на услугата се согласува по

Барање за закуп бр. *,од год.*

корисникот на услугата во

Зелениот Пазар на Бул. Туристичка 79, да користи :

| |
|---|
| |

**3. Рок**

**Член 2**

Овој договор се склучува на определено време и тоа за периодот од

*од год., до год.*

**4. Висина на надоместок и динамика на плаќање**

**Член 3**

Месечниот надоместок за користење на тезгите, предмет на овој Договор, изнесува :

*( )ден.* (со ДДВ)

Односно

вкупен износ за целиот период изнесува :

*( ) ден.* (со ДДВ)

Во зависност од потребите на работата, а при тоа водејќи сметка за трошковниот принцип и економскиот интерес давателот на услугата може висината на надоместокот да ја менува.

**5. Права и обврски на договорните страни**

**Член 4**

**Давателот на услугата** се обврзува:

-Да се грижи за спроведување на Пазарниот ред и да му обезбеди на корисникот на услугата услови за непречено користење на услугата;

-Да соработува со корисникот на услугата и навремено да го запознава со сите информации кои се од значење на работата и прометот на добрата.

- Во случај на внатрешни промени на давателот на услугата, ЈП Градски Пазар Охрид се обврзува во рок од 15 дена , да го извести корисникот на услугата.

**Член 5**

**Корисникот на услугата** се обврзува:

- Редовно да го исплаќа надоместокот за користење на продажното место во износ и по динамика утврдени во овој Договор во спротивно ќе му се засмета казнена камата за секој ден доцнење со уплатата;

-На продажното место да постави стандардизирана видна ознака “фискализирано” или “обврзникот не е фискализиран и нема обврска да издава фискална сметка”, во зависност од тоа дали корисникот на услугата е обврзан или ослободен од фискализација од страна на надлежните органи;

- Доколку корисникот на услугата е обврзан да биде фискализиран должен е да има обезбедено и да постави на продажното место фискален систем на опрема (мобилен фискален апарат-каса) за регистрирање на готовински плаќања за извршен промет, како и да приложи решение или друг доказ од УЈП дека е регистриран фискалниот систем на опрема;

- Да го почитува и да се однесува во согласност со Пазарниот ред и актите донесени од страна на давателот на услугата;

- Да го користи продажното место исклучиво за дејноста за која е регистриран во соодветниот регистар, во случај на промена на регистрираната дејност, корисникот е обврзан веднаш за тоа да го извести давателот на услугата и да му го достави новото изменето решение;

- Не смее продажното место да го отстапува и дава на користење на друго физичко или правно лице;
- Продажбата на производите исклучиво да ја врши на продажното место кое му е издадено на користење;
- Да се придржува на работното време утврденото со Пазарниот ред, особено на времето на доаѓање и изложување на робата. Доколку корисникот на услугата не отпочне со работа, односно не ја изложи робата во рок од еден час од предвиденото време за доаѓање се смета дека истиот тој ден нема намера да го користи продажното место и е согласен давателот на услугата во тој случај тезгата, само за тој ден да ја понуди и издаде на користење на друго правно или физичко лице кое ги исполнува условите за користење на услугите во пазарот;
- Да се грижи за продажното место со внимамие на добар домаќин, истото да го чува од оштетување, по завршетокот на работното време продажното место да го исчисти и даја повлече робата од тезгата;
- Во целост да ги имплементира и да се придржува на пропишаните ХАСАП стандарди во спротивно лично одговора за неприменување на истите пред надлежните органи ;
- Доколку предизвика штета врз имот на давателот на услугата должен е да ја надомести штетата;
- Доколку има било какви статусни промени на корисникот на услугата, истиот е обврзан да го извести давателот на услугата за тие промени во рок од 15 дена.

**6. Раскинување на договорот**

**Член 6**

Давателот на услугата може еднострано да го раскине овој Договор доколку корисникот на услугата не се придржува кон обврските на овој Договор, врши било какви недомаќински и штетни дејствија со кој се нанесува штета на давателот на услугата.

Корисникот на услугата е должен веднаш без одлагање по приемот на писменото известие да го измири долгот по основ користење на продажно место во пазарот и да го предаде продажното место, со двостран записник за примопредавање, во владение на давателот на услугата.

Корисникот , во спротивно одговара за сите надоместоци кои ќе настанат за отстранување на корисникот од просторот на пазарот.

**7. Казнени одредби на договорот**

**Член 7**

Корисникот на услугата може еднострано да го раскине договорот пред истекот на рокот за кој е склучен под следните услови:

-По истекот на рокот од 8 дена од претходно писменто барање на корисникот на услагата за раскинување на договорот.

-Корисникот се обврзува за плаќање на договорни пенали во висина на ______ месечни надоместоци, во износ од ______ ( ) ден. (со ДДВ).

Во случај на раскинување на договорот за користење на продажно место давателот на услугата нема обврска да обезбеди за корисникот на услугата друго продажно место.

**Член 8**

Во случај на градежни инвестициони активности во делот на ЈП Градски Пазар, на Бул. Туристичка бр.79, давателот на услугата се обврзува на сопствен трошок, времено да ги дислоцира продажните места на соодвтно предвидено место за обавувањето продажна дејност. Доколку корисникот на услугата не ја прифати таквата променета состојба, ваквиот договор во рок од 8 дена се раскинува, двострано, без никаков надоместок од двете страни.

**Член 9**

Во случај на спор по овој Договор, договорните страни се обврзуваат најпрво да сеобидат да го решат спогодбено, доколку спорот не се реши, надлежен ќе биде Основниот суд Охрид.

**Член 10**

Овој Договор е составен во 3 (три) еднакви примероци од кои еден примерок за корисникот на услугата и два примероци за давателот на услугата.

Изготвил и одобрил:

___________________________

| | |
|---|---|
| **Давател на услугата** | **Корисник на услугата** |
| ЈП Градски Пазар Охрид | |
| Директор, | ______________________________ |
| ___________________________ | |